| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 18896/11-3 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 19.04.2019 |
| | | Стр. 1/2 |

# МИСЛЕЊЕ

## за Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје во текот на месец јануари 2019 година изврши ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година, кои што вклучуваат Единечен Извештај за сеопфатен приход, Единечен Извештај за финансиска состојба, Единечен Извештај за промени во капиталот и Единечен Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Ревизијата на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на единечните финансиски извештаи што завршува со 31 декември 2018 година Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2018 година, додека главната ревизија се изврши во 2019 (јануари и март).

Менаџментот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на единечните финансиски извештаи во согласност со законските регулативи во Република Македонија.

Со задоволство го прифаќаме Мислењето на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје според кое единечните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Банката на 31 Декември 2018 година, и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

Sava Dalbok

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# О Д Л У К А
## за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година.
2. Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на единечните финансиски извештаи претставува прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пашевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 18896/11-4 |
| --- | --- | --- |
| | | Датум: 19.04.2019 |
| | | Стр. 1/2 |

# МИСЛЕЊЕ

**за Извештајот на друштвото за ревизија**
**ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје**

Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје во текот на месец јануари 2019 година изврши ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година, кои што вклучуваат Консолидиран Извештај за сеопфатна добивка, Консолидиран Извештај за финансиска состојба, Консолидиран Извештај за промени во капиталот и Консолидиран Извештај за готовинските текови и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки. Консолидацијата ги вклучува финансиските извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Ревизијата на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е планирана и спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и Кодексот на етика кои ревизорите се обврзани да го почитуваат.

При вршењето на ревизија ревизорите согласно проценетиот ризик од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи вклучија соодветни постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.

Друштвото за ревизија ја разгледа интерната контрола во сите сегменти на банкарското работење и процесите на сметководствено евидентирање, признавање и вреднување на позициите од Билансот на состојба и Билансот на успех.

Со цел за успешно и ефикасно извршување на ревизијата на консолидираните финансиски извештаи што завршува со 31 декември 2018 година, Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје пристапи кон предревизија во текот на октомври и ноември 2018 година, додека главната ревизија се изврши во 2019 (јануари и март).

Менаџментот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје е одговорен за подготвување и објективно презентирање на консолидираните финансиските извештаи во согласност со законските регулативи во Република Северна Македонија.

Со задоволство го прифаќаме Мислењето на Друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје според кое консолидираните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, ја претставуваат реално финансиската состојба на Групата на 31 Декември 2018 година, и резултатите од работењето, промените во капиталот и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност македонската сметководствена регулатива.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

# ОДЛУКА

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

1. Се усвојува Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за годината што завршува на 31 декември 2018 година.
2. Извештајот на друштвото за ревизија ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО – Скопје за извршена ревизија на консолидираните финансиски извештаи претставува прилог и составен дел на Одлуката.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пачевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# О Д Л У К А
## за усвојување на Годишната сметка и финансиските резултати на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишната сметка и финансиските резултати на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

1. Со оваа одлука се усвојува Годишната сметка и финансиските резултати на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, за 2018 година, според следните биланси:

   Биланс на состојба на ден 31.12.2018 година
   Биланс на успех од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

2. Во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби:

   - Актива 21.271.902.701,00 денари
   - Пасива и Капитал 21.271.902.701,00 денари

3. Во Билансот на успех за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година се искажани следните сосотојби:

   приходи........................................1.170.791.927,00 денари,

   расходи........................................ 998.197.930,00 денари,

   **добивка пред оданочување.................... 172.593.997,00 денари,**

   данок на добивка.............................. 17.811.022,00 денари,

   **добивка по оданочување...................... 154.782.975,00 денари.**

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пачевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# О Д Л У К А

## за усвојување на Консолидирана Годишна сметка и финансиски резултати на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Консолидирана годишна сметка и финансиски резултати на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година**

1. Се усвојува Консолидирана Годишна сметка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, за 2018 година, според следните биланси:

   Биланс на состојба на ден 31.12.2018 година
   Биланс на успех од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

2. Во Билансот на состојба искажани се следните билансни состојби:

   - Актива 21.327.942.035,00 денари
   - Пасива и Капитал 21.327.942.035,00 денари

3. Во Билансот на успех за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година се искажани следните сосотојби:

   приходи....................1.206.576.886,00 денари,

   расходи....................1.014.978.170,00 денари,

   **добивка пред оданочување.................... 191.598.716,00 денари,**

   данок на добивка.................... 17.811.022,00 денари,

   **добивка по оданочување.................... 173.787.694,00 денари.**

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пачевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр.: 18896/11-5 |
|---|---|---|
| | | Датум: 19.04.2019 |
| | | Стр. 1/2 |

# МИСЛЕЊЕ

**на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Годишниот извештај за работењето на Банката во 2018 година**

Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Банката во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2018 година.

Годишниот извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Извештајот на систематизиран начин се презентирани остварувањата по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, подобро и квалитетно управување со Банката, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според нашето мислење, Извештајот дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2018 година.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков
Sava Dalbokov

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# О Д Л У К А

## за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година

1. Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година.
2. Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пaлчевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

| SPARKASSE Bank | НАДЗОРЕН ОДБОР | Бр. 18896/1-6 |
|---|---|---|
| | | Датум: 19.04.2019 |
| | | Стр. 1/2 |

# МИСЛЕЊЕ

**на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје кон Консолидираниот годишен извештај за работењето на Банката во 2018 година**

Консолидираниот Годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година вклучува податоци кои се реален показател за макроекономските и пазарни услови на работење, глобалната економска ситуација, нарушеното функционирање на пазарите и рестриктивната кредитна политика од една страна, но и заложбите на органите на управување и вработените во Групата во остварување на стратешките определби и зацртаните плански активности за 2018 година. Консолидацијата ги вклучува активностите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Шпаркасе Лизинг ДОО Скопје и правното лице за специјални намени С АМЦ 1 ДООЕЛ Скопје – правно лице со претежна дејност купопродажба на сопствен недвижен имот.

Консолидираниот Годишен извештај го презентира управувањето со ризиците, усогласеноста со супервизорските стандарди, финансиските активности, работењето на органите на Банката, управувањето со човечките ресурси, маркетинг активностите како поддршка на стратегијата за развој и креирање корпоративен имиџ и развојот на информатичката технологија.

Во Извештајот на систематизиран начин се презентирани остварувањата по одделни банкарски активности, и тоа како во поглед на основните финансиски активности, така и за сите останати активности кои придонесуваат за стабилно работење, подобро и квалитетно управување со Групата, почитување и усогласување со целокупната законска регулатива.

Според нашето мислење, Извештајот дава вистинска и објективна слика за работењето на Групата во текот на 2018 година.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател
Сава Далбоков

Sava Dalbokov

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# О Д Л У К А
## за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | **Бр. 24510/1-8** |
|---|---|---|
| | | **Датум: 27.05.2019** |
| | | **Стр.** 3/3 |

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на Седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година

1. Со оваа одлука се усвојува Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година.
2. Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Палчевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# О Д Л У К А

## за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2018 година

Врз основа на член 29 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Акционерите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје на седницата одржана на ден 27.05.2019 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2018 година**

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, во деловната 2018 година, има остварено нето добивка во износ од **154.782.975,00 денари**.

2. Остварената нето добивка во износ од **154.782.975,00 денари** се распределува на следниов начин:

   - 7.760.915,00 денари во законски резерви
   - 55.000.000,00 денари во трајно задржана добивка за инвестициски вложувања − реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2019 година
   - 92.022.060,00 денари за покривање на загуба – разликата којашто произлезе од преоценката на финансиските средства и обврски евидентирани како корекција на почетната состојба при имплементацијата на ИФРС 9 стандардот на 1 Јануари 2018.

3. Задржаната добивка од претходни години расположлива за распределба на акционерите во износ од 28.487.764,00 денари ќе се искористи за покривање на загуба- разликата којашто произлезе од преоценката на финансиските средства и обврски евидентирани како корекција на почетната состојба при имплементацијата на ИФРС 9 стандардот на 1 Јануари 2018.

4. Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.

5. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пал...ски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

**Образложение**
**кон Одлуката за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, по Годишна сметка за 2018 година:**

Согласно ревидираните финансиски извештаи на Банката за 2018 година, Банката оствари нето добивка од 154.782.975,00 денари. Согласно член 483 од Законот за трговски друштва, Надзорниот одбор на Собранието на акционери му предлага распределба на нето добивката за 2018 година: 7.760.915,00 денари во законски резерви, 55.000.000,00 денари во задржана добивка за инвестициски вложувања – реинвестирана добивка и 92.022.060,00 денари за покривање на еднократниот негативен ефект кој произлегува од имплементацијата на ИФРС 9 стандардот евидентиран на 01.01.2018 година.

Со задржаната добивка од претходни години расположлива за распределба на акционерите во износ од 28.487.764,00 денари, ќе биде покриен негативниот ефект кој произлегува од имплементацијата на ИФРС 9 стандардот евидентиран на 01.01.2018 година.

Со оваа Одлука, разликата којашто произлезе од преоценката на сите финансиски средства и финансиски обврски евидентирани како корекција на почетната состојба на 1 јануари 2018 година од имплементацијата на ИФРС 9 стандардот во износ од 120.509.824,00 денари, ќе биде целосно покриена.

Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања е во согласност со годишниот план за инвестиции и служи за развојни цели, односно за вложувања во материјални и нематеријални средства за проширување на дејноста и истата не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.
Распределбата на дел во задржана добивка за инвестициски вложувања е со намена за користење даночно ослободување во согласност со законот за данок на добивка.

# ОДЛУКА

**за усвојување на Извештај за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година, колективно и од аспект на поединечни членови**

Согласно член 29 и член 49, став 1, точка 36 и став 2 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на 27.05.2019 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Извештај за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година, колективно и од аспект на поединечни членови**

1. Се усвојува Извештајот за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година, колективно и од аспект на поединечните членови.
2. Извештајот за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година претставува составен дел на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пачевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2018 ГОДИНА, КОЛЕКТИВНО И ОД АСПЕКТ НА ПОЕДИНЕЧНИ ЧЛЕНОВИ

Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката) ги извршува своите активности во согласност со важечките законски прописи, Статутот на Банката, одлуките на Собранието на Банката, Кодексот за корпоративно управување и Деловникот за организација и работа на Надзорниот одбор. Ова тело на Банката се грижи за утврдување на деловната политика на Банката и го следи нејзиното спроведување, при што активно е вклучен во надзорот над работењето на Банката, запознаен со значајните промени во нејзиното работење и во нејзиното окружување и дејствува навремено за заштита на долгорочните цели на Банката.

Надзорниот одбор на Банката, заедно со Управниот одбор, воспоставува и промовира корпоративна култура и вредности во Банката, имајќи ги предвид дефинираните стандарди и етички норми и го утврдува прифатливото ниво на ризик, имајќи ги предвид пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот за наградување.

Надзорниот одбор врши надзор на работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиските активности и го надгледува нивното спроведување. Овој одбор е одговорен да обезбеди добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната Банка.

При извршувањето на своите надлежности, Надзорниот одбор ги има предвид интересите на заинтересираните лица и обезбедува услови за одржување ефикасна соработка со Народната банка на Република Северна Македонија и со останатите регулаторни органи.

Во согласност со Законот за банките, членовите на Надзорниот одбор мора да се личности од доверба и со соодветно ниво на експертиза, за да ја извршуваат нивната контролна функција и да го следат и надгледуваат целокупното работење на Банката. Надзорниот одбор ги назначува, ги советува и ги надгледува членовите на Управниот одбор и е директно инволвиран во донесувањето одлуки кои се од суштинско значење за Банката. Управниот одбор редовно поднесува извештаи до Надзорниот одбор во врска со деловните политики и останати суштински работи поврзани со средствата на Банката, обрските, финансиската состојба и добивката, како и состојбата со ризиците, особено управувањето со ризиците и нивната контрола. Членовите на Управниот одбор на Банката присуствуваа на сите седници на Надзорниот одбор, при што преку транспарентни и отворени дискусии дадоа дополнителни информации и образложенија за поднесените предлози и извештаи. Членовите на Надзорниот и Управниот одбор редовно дискутираа и за состојбите во банкарскиот сектор, економијата во Република Северна Македонија, како и за други области кои би можеле да влијаат на работењето на Банката.

Надзорниот одбор е составен на начин што неговите членови, како целина, го поседуваат потребното знаење, способност и експертско искуство, за соодветно извршување на работните задачи. Дополнително, членовите на НО треба да имаат доволно време за извршување на своите должности. Составот на НО треба да обезбеди квалификувана контрола и совет на Управниот одбор на Банката, како членка на меѓународно застапена финансиска групација, и треба да се

грижи за репутацијата на Групацијата Шпаркасе. Во тој поглед, особено внимание мора да се посвети на интегритетот, личните особености, подготвеноста за дејствување, професионализмот и независноста на лицата назначени за членови на НО. Целта е, Надзорниот одбор како група да ги поседува сите потребни знаења и експертиза поврзани со работењето на Шпаркасе Банка Македонија.

Надзорниот одбор ја зема во предвид разноликоста при номинирање кандидати за членови на НО. Во поглед на меѓународното искуство, професионалниот ангажман и приватните животи на четири членови на НО се лоцирани надвор од Северна Македонија. Дополнително, мнозинството од членовите на НО имаат повеќегодишно меѓународно искуство како членови на управни и надзорни одбори и различни комитети. Во поглед на половата застапеност, сегашната структура на одборот вклучува две жени. Што се однесува до регулативата, НО има соодветен број на независни членови.

## 1. Членови на Надзорен Одбор

Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје се состои од шест членови, за кои има предходно издадена согласност од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Северна Македонија за нивно именување како членови на Надзорниот одбор на Банката. Во 2018 година Надзорниот одбор ги спроведе своите активности во следниот состав:

- **Сава Далбоков** – Претседател на Надзорен одбор
- **Валбурга Зајдл** – Заменик претседател на Надзорен одбор
- **Ханс Лудвиг Диксер** – Член на Надзорен одбор
- **Славиша Којиќ** – Член на Надзорен одбор
- **Кристијан Поленак** – Независен член на Надзорен одбор
- **Сузана Ставриќ** – Независен член на Надзорен одбор

Во следната табела се прикажани сите членови на Надзорниот одбор со нивната возраст, главно занимање и членување во други одбори:

| **Член:** | **Сава Иванов Далбоков** |
|---|---|
| **Позиција:** | Член на Управен Одбор |
| **Компанија:** | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| **Датум на раѓање:** | 1973 |
| **Прво назначување:** | 11.2010 |
| **Мандат:** | 11.2020 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | Претседател на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Претседател на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Член на Комисија за номинирање и наградување на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Член на Надзорен одбор на Ерсте и Штаермеркише С-лизинг доо Загреб<br>Заменик претседател на Надзорен одбор на Ерсте и Штаермеркише Банка Риjека<br>Претседател на Одбор за ревизија на Ерсте и Штаермеркише Банка Риjека<br>Член на Одбор за номинирање и наградување на Ерсте и Штаермеркише Банка Риjека<br>Член на Надзорен одбор на С-лизинг доо Белград<br>Член на Надзорен одбор на С-Рент ДОО Белград<br>Член на Надзорен одбор на Банка Шпаркасе АД Љубљана<br>Заменик претседател на Одбор за ревизија на Банка Шпаркасе АД Љубљана<br>Член на Надзорен одбор на Ерсте Банка АД Подгорица |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува |

| | |
|---|---|
| | надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Наградување за членство во други одбори | Согласно доставена изјава членот се има откажано од било каков надомест по основ на членства во други одбори |
| Присуство на седници во 2018 | Претседателот на НО присуствуваше на 5 седници во 2018 година |
| **Член:** | **Валбурга Зајдл** |
| Позиција: | Директор на Стратешко управување со ризик |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1973 |
| Прво назначување: | 11.2008 |
| Мандат: | 11.2020 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | Заменик претседател на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Заменик претседател на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Член на Надзорен одбор на Банкхаус Кренчкер и Цо АГ Грац<br>Член на Советодавен комитет на С Лизинг Југ ГМБХ и КО КГ, Грац |
| Наградување за членство во одборите на Банката | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Наградување за членство во други одбори | Согласно доставена изјава членот се има откажано од било каков надомест по основ на членства во други одбори |
| Присуство на седници во 2018 | Заменик претседателот на НО присуствуваше на 5 седници во 2018 година |
| **Член:** | **Ханс Лудвиг Диксер** |
| Позиција: | Директор на Сметководство и контролинг |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1967 |
| Прво назначување: | 05.2012 |
| Мандат: | 11.2020 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | Член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Член на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Наградување за членство во одборите на Банката | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |
| Наградување за членство во други одбори | Согласно доставена изјава членот се има откажано од било каков надомест по основ на членства во други одбори |
| Присуство на седници во 2018 | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2018 година |
| **Член:** | **Славиша Којиќ** |
| Позиција: | Заменик директор за стратегија во ЈИЕ и деловен развој |
| Компанија: | Steiermärkische Bank und Sparkassen AG |
| Датум на раѓање: | 1978 |
| Прво назначување: | 05.2015 |
| Мандат: | 11.2020 |
| Член на Надзорен одбор и други членства | Член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Член на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Претседател на Комисија за номинирање и наградување на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје<br>Член на Одбор за ревизија на Шпаркасе Банка АД Сараево |
| Наградување за членство во одборите на Банката | На членовите на Надзорен одбор кои се номинирани од страна на акционерот и се во работен однос во ентитети членки на Ерсте Групацијата, не им се исплатува надомест за работата во органите на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје |

| | |
| --- | --- |
| **Наградување за членство во други одбори** | Согласно доставена изјава членот се има откажано од било каков надомест по основ на членства во други одбори |
| **Присуство на седници во 2018** | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2018 година |

| **Член:** | **Кристијан Поленак** |
| --- | --- |
| **Позиција:** | Управувачки партнер |
| **Компанија:** | Адвокатско друштво "Поленак" |
| **Датум на раѓање:** | 1970 |
| **Прво назначување:** | 05.2011 |
| **Мандат:** | 11.2020 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Нема членство во други одбори |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | Фиксен годишен надоместок од 6.000 еур и дополнителен надоместок од 300 еур за присуство по седница кои се исплаќаат во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата |
| **Наградување за членство во други одбори** | / |
| **Присуство на седници во 2018** | Членот на НО присуствуваше на 2 седници во 2018 година |

| **Член:** | **Сузана Ставриќ** |
| --- | --- |
| **Позиција:** | Управител |
| **Компанија:** | Грант Торнтон ДОО Скопје |
| **Датум на раѓање:** | 1969 |
| **Прво назначување:** | 07.2017 |
| **Мандат:** | 11.2020 |
| **Член на Надзорен одбор и други членства** | Независен член на Надзорен одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Нема членство во други одбори |
| **Наградување за членство во одборите на Банката** | Фиксен годишен надоместок од 6.000 еур и дополнителен надоместок од 300 еур за присуство по седница кои се исплаќаат во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на денот на исплата |
| **Наградување за членство во други одбори** | / |
| **Присуство на седници во 2018** | Членот на НО присуствуваше на 5 седници во 2018 година |

## 2. Активности на Надзорниот одбор во 2018 година

Во текот на извештајниот период, во согласност со важечките законски прописи, Надзорниот одбор одржа вкупно 5 седници, кои се одржаа во деловните простории на Банката, односно просториите на Штерамеркише Шпаркасе во Грац, или преку видео-конференции. Исто така, се одржаа шест седници преку писмена коресподенција, како резултат на потребата од поддршка на оперативните функции.

Надзорниот одбор го надгледува и советува Управниот одбор за своите управувачки активности и и сите стратешки одлуки кои се однесуваат на Банката како целина мора да бидат донесени со одобрение на Надзорниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор на квартална основа ги разгледуваа резултатите од работењето на Банката, работењето на Управниот одбор и Одборот за управување со ризици, извештаите за работа на Службата за внатрешна ревизија, Одборот за ревизија, Службата за контрола на усогласеност со прописи, ОСИС, ОНИТ, како и извештаите за следење на кредитен, оперативен, ликвидносен, пазарен и валутен ризик и извештајот за проценка на адекватност на капитал.

Надзорниот одбор ги разгледуваше и кварталниот Контролен извештај за ризици и извештајот за ризик од концентрација и одобруваше изложености кон поврзани лица со Банкатата над 6 милиони денари и изложености над 10% од сопствените средства на Банката.

Согласно законските барања и поддршката на оперативното работење во насока на дефинираната стратегија, Надзорниот одбор вршеше тековно ревидирање и усогласување на следните Политики и интерни акти:

- Годишниот план на внатрешната ревизија за 2018 година
- Стратешкиот план на внатрешната ревизија за 3 години (2018-2020)
- Групациски Правилник за ревизија в. 001.00
- Деловна политика за 2018 и План за развој 2018-2022 година
- Насоки за одобрување кредити за население в.5
- Насоки за одобрување кредити за правни лица в.4
- Политика за правен ризик
- Политика за набавки
- Политика за континуитет во работењето и управување со кризи
- Групациска Политика за безбедност
- Политика за информативна сигурност
- Политика за физичка безбедност
- Политика за управување на ИТ сервиси
- Политика за Спречување перење пари, Запознај го својот клиент, Даночен акт за странски сметки (FATCA)
- Политика за СПП за финансиски институции
- Политика за управување со проекти
- Политика за управување со процеси
- Политика за користење услуги од надворешни лица
- Политика за планирање на ризици
- Групациска политика СтСп- Политика за управување со кредитен ризик кај население – производи
- Групациска политика СтСп- Политика за управување со кредитен ризик кај население – предуслови за наплата
- Политика за ICAAP
- Кодекс за корпоративно управување в.4.0
- Политика за начинот на избор, следење на работењето и на разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризиците, Одборот за ревизија и Управниот одбор в.2.0
- Политика за наградување, верзија 5.0
- Деловник за организација и работа на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје в.5.0 и в.5.1
- Деловник за организација и работа на Управниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје в.4
- Деловник за работа на Одборот за управување со ризици в.3.0
- Деловник за работа на Одборот за Надгледување на Информационата Технологија (ОНИТ) в.6.0
- Деловник за работа на Комисијата за наградување и именување в.2
- План за опоравување на Банката за 2018 година
- Упатство за внатрешна ревизија в.3.0
- Повелба за ревизија - version 3.0
- Процедура за спроведување на ревизија на информациониот систем на Банката в.3.0

- Деловникот за работа на Советодавно тело за ревизија (ААБ)
- ИТ Стратегија на Банката
- Политика за заштита на податоци / пренос на податоци в.1.0
- Општа деловна стратегија на Шпаркасе Банка Македонија за 2018-2022
- Програми за работа на членовите на Управниот одбор за Глигор Бишев и Саша Боко
- Методологијата за утврдување и проценка на ризикот v.3.0
- Стратешки план на внатрешна ревизија 2019-2021
- Годишен план на внатрешна ревизија за 2019
- Буџет 2019-2023
- Групациски политики – Финансии
- Групациски документи согласно Group Policy Framework
- Стратегија за пазарен ризик в.1.0
- Политика за управување со пазарен ризик в.5.0
- Политика за управување со валутен ризик в.6.0
- Директива за справување со судир на интереси в.1.0.

Во текот на 2018 година Надзорниот одбор свика Годишно Собрание на 28.05.2018 година, со редовни теми кои се предмет на одобрување од страна на Собранието.

**3. Извештај за активностите на Надзорниот одбор од аспект на поединечни членови**

- Сава Далбоков (Претседател) - член на Управниот одбор во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - со богато искуство во областа на банкарството во регионот на Централна и Источна Европа, тој ги даде следните придонеси за стратешкиот развој на Банката: Успешно ја организираше работата на Надзорниот одбор и неговите комисии,се погрижи седниците на Надзорниот одбор да бидат свикани редовно и навремено, претседаваше на седниците со посветување особено внимание на конкретните теми и нивната важност, при што ги водеше дискусиите со посветување на адекватно време согласно значењето на темата. Далбоков, во име на Надзорниот одбор, ги потпишуваше донесените одлуки и акти.

  Овозможи Банката да одржува доследно високо ниво на усогласеност и одговорност согласно локалната законска регулатива во Република Северна Македонија, особено со правилата и регулативите на Народната Банка на Република Северна Македонија, како и со релевантните политики и упатства на Групацијата.

- Валбурга Зајдл (Заменик-претседател) – Директор на Стратешко управување со ризик во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - како одговорно лице и експерт во областа на управување со ризиците, таа придонесе во дефинирањето на приоритетите во ризиците и имплементацијата на групациските политики за управување со ризици.

- Ханс Лудвиг Диксер (Член) – Директор на Сметководство и контролинг во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG - поседува значајно познавање на стратегиите на Групацијата и го сподели своето искуство од областа на финансиите, стратегијата и бизнис моделот на Steiermärkische Bank und Sparkassen AG.

- Славиша Којиќ (Член) – Заменик директор за стратегија во ЈИЕ и деловен развој во Steiermärkische Bank und Sparkassen AG – има широки познавања на регионалните пазари, особено во областа на работење со физички лица. Неговата долгогодишна соработка со

- Кристијан Поленак (Независен член) – Управувачки партнер во Адвокатското Друштво Поленак - како независен член, со своето богато искуство даде значаен придонес при извршувањето на активностите на Надзорниот одбор, особено за прашањата кои се однесуваат на правото и законските прописи.

- Сузана Ставриќ (Независен член) - Управител во Грант Торнтон ДОО Скопје - како независен член на Надзорниот одбор и овластен ревизор, значително придонесе за унапредување на работата на Надзорниот одбор во целина. Нејзиното професионално искуство за ревизија на комерцијалните банки, централните банки и другите финансиски институции е од голема важност за Надзорниот одбор на Банката.

Врз основа на погоре споменатото, како и врз основа на постапката за самооценување, Надзорниот одбор оценува дека сопствената работа, од аспект на поединечните членови и колективно, е во согласност со релевантните национални и групациски прописи, и соодветно ја исполнува својата цел, контролирање на работењето и обезбедување на стратешки насоки за поддршка и развој на Банката. Во периодот на известување, во рамки на процесот на редовно поднесување на изјави за постоење на судир на интереси, членовите не декларираа случаи на постоење судир на личниот интерес со интересот на Банката.

Врз основа на точка 22 од Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка (Сл.в.24 од 06.02.2018 година), како и Член 49 став 2 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Надзорниот одбор на Банката доставува известување за резултатите од извршена оцена на соодветност на членовите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје до Собранието на Банката. Надзорниот одбор на Банката, изврши годишни поединечни оцени на соодветноста на секој член на Надзорниот одбор, како и колективна оцена на одборот во целост, при што членовите, односно одборот се оценети позитивно и не се утврдени активности каде што е потребно унапредување или промени.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Сава Далбоков**

Sava Dalbokov

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

Врз основа на член 29 став 1 точка 1 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на 27.05.2018 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

2. Во Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје зборовите „Република Македонија" се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија".

3. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 28.05.2018, спроведени се следниве измени и дополнувања:

   1) Во член 14 став 4 се менува и гласи:

„Акционерите одговараат неограничено и солидарно за обврските на Банката во случаите, ако:
- ја злоупотребат Банката како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;
- ја злоупотребат Банката како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;
- спротивно на закон, располагале со имотот на Банката како со свој сопствен имот;
- во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на Банката, а знаеле или морале да знаат дека Банката не е способна да ги изврши своите обврски спрема трети лица или
- спротивно на закон јавно ги објавуваат или презентираат податоците до кои дошле остварувајќи го правото на информирање."

   2) Во член 33 став 1, алинеја 8 се менува и гласи:

„адресата на интернет страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите во врска со вкупниот број на акции и вкупниот број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објава на повикот, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на Собранието, предложените одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислења на овластен орган или тело на Банката по секоја точка од предложениот дневен ред на Собранието на Банката, предложените одлуки од акционерите, обрасците за гласање, и"

3) Во член 39 став 1 се менува и гласи:

„Собранието на Банката може да работи ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акции со право на глас, при што се смета дека во работата на Собранието учествуваат и се претставени акционерите кои се присутни на седницата на Собранието (лично или преку полномошник), како и акционерите кои гласале со електронски средства и/или со кореспонденција."

4) **Во член 69**, став 4, зборот „овој" се заменува со зборот „претходниот", а во став 5 од истиот член, зборот „овој" се заменува со бројот „3".

5) **Во член 82**, став 1, зборовите „комисии и" се додаваат по зборот „други"

6) **Член 86** се менува и гласи:

„Лица со посебни права и одговорности во Банката се:

- членовите на Надзорниот одбор на Банката,
- членовите на Управниот одбор на Банката,
- членовите на Одборот за ревизија,
- членовите на Одборот за управување со ризици и
- останати лица со посебни права и одговорности дефинирани како лица со посебни права и одговорности во актот за систематизација на работните места во Банката донесен од Управниот одбор на Банката.

Лица со посебни права и одговорности за кои согласно важечката регулатива е потребна претходна согласност од НБРСМ не можат да бидат назначени од соодветниот орган кој ги назначува без обезбедување на ваквата согласност. Останати лица со посебни права и одговорности се лица со посебни права и одговорности кои ги водат и извршуваат работите и задачите поврзани со секојдневното работење на Банката во рамките на организационата поставеност на Банката, законските прописи и актите донесени од соодветните органи.

Како останати лица со посебни права и одговорности дефинирани како лица со посебни права и одговорности во актот за систематизација на работните места во Банката донесен од Управниот одбор на Банката задолжително се сметаат Директорите на секторите и службите кои за својата работа му одговараат директно на Управниот одбор. Останати лица со посебни права и одговорности се и Шефот на Кабинетот на Управниот одбор, како и одговорното лице на организациониот дел одговорен за спроведување на функцијата внатрешна ревизија.

Мандатот, надлежностите, правата, одговорностите и условите за именување на останатите лица со посебни права и одговорности се утврдуваат со посебен акт донесен од страна на Управниот одбор на Банката. Мандатот, надлежности, права и одговорности на одговорното лице на организациониот дел одговорен за спроведување на функцијата внатрешна ревизија ги уредува Надзорниот одбор на Банката.

Останатите лица со посебни права и одговорности, правата од работен однос ги остваруваат според договор за уредување на односите, склучен помеѓу Управниот одбор и лицето со посебни права и одговорности согласно со закон. Мандатот на останатите лица со посебни права и одговорности назначени од страна на Управниот

одбор може да биде 1, 2, 3 или 4 години согласно одлуката за именување, со можност за повторно назначување.

Лицата со посебни права и одговорности во Банката задолжително треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познаваат правилата за добро корпоративно управување и да имаат соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со Банката.

Лице со посебни права и одговорности не може да биде:

1) член на Советот на Народната банка;
2) вработено во Народната банка;
3) на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
4) кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на банката;
5) кое не ги почитува одредбите од Законот за банки и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на банката;
6) член на надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија и управен одбор на друга банка или вработен во друга банка или
7) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.

За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата.

За член на управен одбор на банка ќе се смета дека не поседува репутација и кога има соработник во однос на кој постојат околностите од претходниот став на овој член.

Член на управен одбор може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор, односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции.

Член на надзорен одбор може во исто време да биде и:
- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски иституции.

Член на управен одбор на банка не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.

Ограничувањата од ставовите 10, 11 и 12 на овој член, не се однесуваат на членство во:
1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и
2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство.

Во случаите кога банката, како дел од банкарска група, спроведува политики на групата, членовите на надзорниот и/или управниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за банката и се во согласност со законите на Република Северна Македонија и стандардите на Народната банка."

7) Член 106 се менува и гласи:

„Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 28.05.2018 година и статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот 22832/1-11 од 28.05.2018 година. Пречистениот текст на Статутот ги вклучува пречистениот текст од 27.05.2019 година и одлуката за измена и дополнување на Статутот од 27.05.2019 година.

За се што не е предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја."

4. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од Гувернерот на Народната банка и усвојувањето од страна на Собранието на акционери.

**Образложение**

Согласно Законот за банки, измените и дополнувањата на Статутот на Банката се предмет на одобрување на Собранието на акционери на Банката, а предлозите доставени до Собранието на акционери ги утврдува Надзорниот одбор на Банката. Дополнително, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на претходна согласност од страна на Народната Банка.

Измените и дополнувањата на Статутот во оваа одлука имаат за цел да се усогласи Статутот на Банката со последните измени во Законот за банки (Службен весник бр.7/19) и промената уставното име на земјата, како и со препораките од Комисијата за хартии од вредност.

Согласно со наведеното се јави потреба за измена на Статутот, поради што се предлага Собранието на Банката да ја донесе Одлуката за измена на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Пalчевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје
5

# О Д Л У К А

**за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

| SPARKASSE Bank | СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ | Бр. 24510/1-12 |
|---|---|---|
| | | Датум: 27.05.2019 |
| | | Стр. 2/3 |

Врз основа на член 29 став 1 точка 8 од Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, Собранието на Банката на седницата одржана на ден 27.05.2019 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје

1. Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, го именува д-р Георг Бухер за член на Надзорниот одбор.

2. Ново именуваниот член на Надзорниот одбор ќе го замени постоечкиот член Сава Далбоков, кој се повлекува од функцијата.

3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од став 1 на оваа Одлука трае до истиот на мандатот на членот кој се заменува – 09.11.2020 година.

4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.

5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на РСМ.

**ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје**
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
Претседавач
Владимир Палчевски

ШПАРКАСЕ БАНКА МАКЕДОНИЈА АД Скопје 5

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за именување член на Надзорниот одбор на**
**Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

Согласно Статутот и Законот за банки, Надзорниот одбор е орган на Банката. Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука која стапува на сила по добивање на согласност од Народната банка.
Статутот, Законот за банки и интерните акти на Шпаркасе Банка Македонија дефинираат критериуми за соодветност на членовите на Надзорниот одбор. Најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор на Банката мора да бидат независни членови, исполнувајќи ги законските критериуми за независност.
Согласно Статутот на Банката, Надзорниот одбор на Банката се состои од 6 (шест) члена. Именувањето на член на Надзорниот одбор, од страна на Собранието на Банката се врши според Законот за трговските друштва, преку номинирање на кандидати. Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката, со доставување на писмен предлог за кандидатот за член на Надзорниот одбор.
Согласно член 344 став 4 од Законот за трговски друштва, податоците за кандидатот за член на Надзорниот одбор, треба да им биде достапен на акционерите најмалку 7 дена пред денот на одржувањето на Собранието на Банката.
Членовите на Надзорниот одбор од своите редови избираат Претседател и Заменик-претседател на Надзорниот одбор на Банката. Мандатот на член на Надзорен одбор трае 4 (четири) години. Исто лице не може да биде независен член на надзорниот одбор во иста банка подолго од три последователни мандата. Мандатот на новоизбраните членови на местото на членовите кои престанале да ја вршат функцијата член на Надзорниот одбор може да трае колку што трае мандатот на заменетиот член. Мандатот на новоизбраниот член, во случај на замена на член на Надзорен одбор, се определува со Одлуката за именување донесена од страна на Собранието на акционери на Банката, имајќи ја во предвид должината на периодот кој преостанува до истекот на мандатот на заменетиот член.
Врз основа на поднесеното барање, примено во Банката на 05.04.2019 година, Сава Далбоков ќе се повлече од функцијата член на Надзорниот одбор, поради истекување на мандатот во Штаермеркише Банк унд Шпаркасен АГ, Грац.
Сава Далбоков ќе биде заменет со д-р Георг Бухер, кој во моментот извршува функција член на Управен одбор на Штаермеркише Банк унд Шпаркасен АГ, Грац, и кој од 01.06.2019 ќе биде одговорен за Стратегија во ЈИЕ и деловен развој. Бухер има активни ангажмани во неколку групациски проекти кои ја вклучуваат и Шпаркасе Банка Македонија и има детално познавање на поединечни процеси во Банката.
Бухер беше позитивно оценет од страна на Комисијата за наградување и именување и од страна на Надзорниот одбор, како од индивидуален аспект, така и заедно со останатите членови на Одборот.
Согласно Статутот на Банката за предложените кандидати за членови на Надзорниот одбор се гласа јавно, а одлуката се смета за донесена ако за неа се изјасниле повеќе од половина од присутните – претставени акционери на седницата на Собранието на Банката.